ЈП Водовод и канализација - Скопје
NP Ujësjellësi dhe kanalizimi - Shkup

ВИК-716-101.01

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARRJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-134/8
Дата, Data 04-07-2025
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 10 и член 45 став 1 и 2 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16,бр.11/18 и Сл. весник на РСМ бр.275/19 и 14/20), Предлогот за вработување на кандидати бр.10-305/11 од 01.07.2025 год. по Јавен оглас 252/2025, Директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје донесува

**ОДЛУКА**
**за избор за вработување на административни службеници**
**по јавен оглас бр. 252/2025**

1. Се врши избор за вработување на административен службеник по јавен оглас бр.252/2025 во ЈП Водовод и канализација Скопје:

   - За работно место **Референт благајник, во Одделение благајна, Сектор Наплата, КДР0102Г03117, ниво Г03**, 1 (еден) извршител, се врши избор за вработување на административен службеник со идентификациски код **6658389** и се избира кандидатот **Фатмире Исмаили.**

2. Одлуката за избор ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на интернет страницата и на огласната табла на Агенција за администрација.

3. Именуваниот ќе биде вработен на неопределено време и распореден на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе и решение за вработување на административен службеник.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

***Образложение***

Директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје врз основа на Годишниот план за вработување за 2024 година број 0302-7304/1 од 18.08.2023 година и позитивното мислење од истиот, од страна на МИОА бр. 09-145/3 од 26.01.2024 година, до Агенцијата за администрација поднесе барање за објавување на јавен оглас за вработување на 1 административен службеник.

Врз основа на барањето, Агенцијата за администрација на својата интернет страна и во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха на ден 13.05.2025 година објави јавен оглас бр. 252/2025 година.

Со решение за формирање на комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр.10-305/7 од 20.05.2025 година, директорот на Агенцијата за администрација формира Комисија за селекција за вработување по јавен оглас.



Ул. Лазар Личеноски бр.9, 1000 Скопје
Тел: 02 3240 300; Контакт центар 02 3073 010;
kontakt@vodovod-skopje.com.mk
www.vodovod-skopje.com.mk

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас согласно Законот за административни службеници изврши административна селекција и состави записник арх.бр. 10-305/8 од 29.05.2025 година.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас согласно Законот за административни службеници спроведе испит за административен службеник и состави записник бр. 10-305/9 од 27.06.2025 година.

По спроведената проверка на веродостојноста на доказите и интервјуто и извршеното бодирање, Комисијата изготви Записник бр.10-305/10 од 30.06.2025 година, Конечна ранг листа на кандидати од сите фази и Предлог за избор на кандидат за работни места од оглас бр.252/2025 година со бр.10-305/11 од 01.07.2025 година.

Врз основа на Предлогот за вработување на кандидат, Директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје донесе одлука за избор како во диспозитивот.

***ПРАВНА ПОУКА***: *Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на интернет страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.*

ЈП водовод и канализација Скопје
Директор,
М-р Тони Миновски

**Доставено до:**
- **Архива**
- **Именуваниот**
- **Сектор Човечки ресурси**
- **Агенција за администрација**

Изготвил: Соња Ливриниќ
Контрилирал: Убавка Бачева
Одобрил: Горан Михајлов

Ул. Лазар Личеноски бр.9, 1000 Скопје
Тел: 02 3240 300; Контакт центар 02 3073 010;
kontakt@vodovod-skopje.com.mk
www.vodovod-skopje.com.mk

Се грижиме за животната средина и користиме рециклирана хартија.
СЕКОГАШ НАЈДОБРОТО
за Скопје